Република Северна Македонија

**Министерство за дигитална трансформација**

# СТРАТЕШКИ ПЛАН

# 2026 - 2028 ГОДИНА

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА

**Март, 2026 година**


Министерство за
дигитална трансформација
на Република Северна Македонија

ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за дигитална трансформација**

Фокусот на Министерството за дигитална трансформација во Стратешкиот план за 2026 – 2028 година е задржан на дигитализацијата, изградба и инвестиции во дигитална инфраструктура, развојот на информатичкото општество и дигиталните вештини во јавниот сектор и кај граѓаните, како и на сајбер безбедноста.

Примарни цели на Министерството во претстојниот период се интензивната дигитализација и создавањето на оптимална структура и иновативни процеси и техники, воспоставување на дигитална средина за подобро работење и подобрена електронска комуникација во рамките на администрацијата, воспоставување на унифициран ДМС систем во органите на државната управа, локалната самоуправа и останатите институции од јавниот сектор, развој на сајбер безбедноста и изградба на физичка и дигитална инфраструктура за сајбер безбедност. Во соработка со другите институции, Министерството ќе работи на дигитализација на услугите кои ги нуди јавниот сектор, како и дигитализација на регистрите потребни за нивна испорака, се со цел испорака на опипливи резултати кон граѓаните и бизнис секторот.

Министер за дигитална трансформација

Стефан Андоновски


Министерство за
дигитална трансформација
на Република Северна Македонија

ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

## Вовед

Министерството за дигитална трансформација е орган на државна управа, кој со својата надлежност ги врши работите кои се однесуваат на дигитализација, развој и промоција на информатичкото општество, комуникациите и сајбер безбедноста. Со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/24) Министерството за информатичко општество и администрација продолжува да работи како Министерство за дигитална трансформација и како Министерство за јавна администрација, со надлежности утврдени со овој закон, како правни наследници на ова министерство. Министерството за дигитална трансформација го задржува единствениот даночен број на Министерството за информатичко општество и администрација, а Министерството за јавна администрација ќе добие нов даночен број најдоцна во рок од три дена од денот на конституирање на Владата. Основните правни акти со кои е регулирано работењето/функционирањето на Министерството за дигитална трансформација се Закон за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 121/24), Законот за електронско управување и електронски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 244/19 и 3/25), Законот за централен регистар на население („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 275/19 и 3/25), Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19, 3/25 и 135/25), како и Законот за електронски комуникации („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 135/2025 и 269/25), Законот за безбедност на мрежни и информациски системи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 135/2025) и Законот за архивски материјал и архивска дејност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 135/2025) .

Стратешкиот план на Министерството за дигитална трансформација (МДТ) за периодот од 2026-2028 година изработен е врз основа на стратешките документи на Република Северна Македонија и тоа: Националната развојна стратегија 2024 – 2044, Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија од 2024-2028 година; Националната програма за усвојување на правото на (НПАА) ЕУ 2021-2025 година, Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 103/23), Одлука за изменување на одлуката за утврдувањена стратешките приоритети на на Владата на Република Северна Македонија (Службен весник на Република Северна Македонија број 177/24), Методологија за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/08, 58/18 и Службен весник на Република Северна Македонија број 223/19), Упатство за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа при подготвувањето и следењето на спроведувањето на Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.22/15 и Службен весник на Република Северна Македонија број 22/19 и Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на Стратешкиот план и Годишниот план за работа („Службен весник на Република Македонија“ бр.131/18), Стратегија за реформа на јавната администрација 2023-2030 година, Националниот Оперативен Брод бенд План; Закон за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21 и 3/25), Методологијата за начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските стратегии и Упатство за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мулти секторските стратегии („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 122/22) и Методологија за оценка на индекс на квалитет на институциите. На почетокот од 2025 година се усвои и Стратегијата за сајбер безбедност 2025 – 2028, а во втората половина на 2025 година и


Министерство за
дигитална трансформација
на Република Северна Македонија

ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

Национална Стратегија за ИКТ 2025-2030 година, документи кои ќе имаат големо значење и место во подготвувањето на стратешките планови во иднина.

Согласно Законот за изменување и дополнување на законот за матичната евиденција („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 255/2024) Управата за водење на матичните книги е орган во состав на Министерство за дигитална трансформација со својство на правно лице. Во рамки на Министерството за дигитална трансформација согласно Правилникот за систематизација на работни места од 27.12.2024 година се предвидени секторите за сајбер безбедност и за дигитални вештини и иновации, како нови надлежности кои произлегуваат од измените на Законот за организација и работа на органите на државната управа. Воедно, со измените на Законот за електронско управување и електронски услуги од јануари 2025 година, се утврдија надлежности за спроведување на инспекциски надзор, како и надлежности за организирање на спроведување на испити.

Стратешкиот план се состои од шест делови. Во првиот дел е разработена анализата на состојбата, утврдени се визијата и мисијата на Министерството, задачите и обврските, неговата специфичност и структура и приоритетни цели на органот. Во вториот дел на Стратешкиот план целосно е разработен планот за спроведување на двете стратешки програми и потпрограми. Овој дел дава детален осврт на поврзаноста со Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА), стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2026 година и приоритетите и целите на министерството за 2026година. Во останатите делови на од овој нацрт стратешки план се опфатени влијанијата врз човечките ресурси, принципите на правична застапеност, родовата еднаквост на мажите и жените и заедничките функции за развивање на политики, стратешко планирање и подготвување на буџет, извршување на буџет и управување со средства, управување со човечки ресурси, управување со информациски технологии и внатрешна ревизија.


Министерство за дигитална трансформација на Република Северна Македонија
ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

## Анализа на состојбата на Министерството за дигитална трансформација

*Анализа на ресурсите*

*Финансиски ресурси*

Министерството за дигитална трансформација се финансира преку финансиски средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија (https://ecirkular.finance.gov.mk-) Буџетски програми 2-Информатичко општество, но дел од планираните активности се финансираат и од средства обезбедени од донатори (ИПА фондови, билатерална и меѓународна финансиска и експертска поддршка).

*Функционална анализа*

Министерството за дигитална трансформација во текот на 2024 година започна со изработка на функционална анализа, заради целосно усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 121/24), потребата од носење на нов Акт за внатрешна организација и нов Акт за систематизација на работни места, согласно Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20) и Правилникот за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација


Министерство за
дигитална трансформација
на Република Северна Македонија

ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

на работните места, како и содржината на функционалната анализа на институциите на јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 217/21 и 159/22) .

Надлежностите на Министерството за дигитална трансформација се утврдени во член 26-а од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 110/19 и 121/24) каде е уредено дека Министерството за дигитална трансформација ги врши работите што се однесуваат на:

- развојот и промоцијата на информатичкото општество;

- технолошкиот развој и технолошката култура;

- подготвување на стратешки документи од областа на дигитализацијата;

- организирање и спроведување на обуки за дигитални вештини;

- безбедност на мрежи и информациски системи;

- дигитализација на јавните услуги;

- администрирање со интегрирана база на лични податоци на населението на Републиката и соодветните книги за евиденција;

- креирањето и водењето на регистар на информационите и комуникациските системи и информатичката опрема во рамките на органите на државната управа;

- интегрираната информатичка и комуникациска мрежа, базите на податоци, меѓусебното поврзување и размена на информации, безбедносните аспекти и развојот на инфраструктурата на државните органи, правните и другите лица на кои со закон им е доверено да вршат јавни овластувања;



Министерство за
дигитална трансформација
на Република Северна Македонија

ул. „Филип Втори Македонски“ бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

- следењето на состојбите со информациските и телекомуникациските технологии и воведување на меѓународни стандарди;

- телекомуникациите и телекомуникациската инфраструктура;

- радиодифузијата и радиодифузната инфраструктура;

- остварувањето на меѓународна соработка по прашања од негова надлежност;

- надзор од негова надлежност и

- врши и други работи утврдени со закон.

Имено, со измените на Законот за организација и работа на органите на државната управа, дел од надлежностите на МИОА се преземаа во МДТ, додека дополнително се утврди и надлежност за организирање и спроведување на обуки за дигитални вештини и безбедност на мрежи и информациски системи. За спроведување на овие надлежности, согласно наодите на функционалната анализа се утврди потреба за воспоставување на 10 сектори и 31 одделение во рамки на секторите, како и 3 одделенија надвор од секторите.

*PESTLE анализа на ниво на Министерството за дигитална трансформација*

PESTLE анализата е кратенка од Political, Economic, Social, Technological, Legal, Environmental, односно анализа на политичките, економските, социјалните, технолошките, правните и еколошките фактори. Со овој метод се овозможува следење на влијанието на екстерните фактори врз работењето на Министерството за информатичко општество и администрација.

| ПОЛИТИЧКИ ФАКТОРИ | ЕКОНОМСКИ ФАКТОРИ | СОЦИЈАЛНИ ФАКТОРИ | ТЕХНОЛОШКИ ФАКТОРИ | ПРАВНИ ФАКТОРИ | ЕКОЛОШКИ ФАКТОРИ |
|---|---|---|---|---|---|


Министерство за дигитална трансформација на Република Северна Македонија

ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - Стратешки приоритети и приоритетни цели на Владата | - Финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија како и донатори | - Влијание врз граѓаните, како корисници на услугите | - Унапредување на информатичкото општество и развој на технологиите | - Закони во надлежност на министерството и подзаконските акти кои произлегуваат од нив,<br>- НПАА, Национална програма за усвојување на правото на Европската Унија | - Примена на стандардите кои се однесуваат на животната средина |

*Табела1: PSTEL анализа на Министерството за дигитална трансформација*

*<u>SWOT анализа на ниво на Министерството за дигитална трансформација</u>*

SWOT анализа претставува моќна алатка која му овозможува на Министерството да ја процени и согледа внатрешната состојба во која работи за да делува во својата надлежност, надворешните фактори и влијанијата кои директно делуваат врз неа и кон кои треба да се прилагоди. SWOT е кратенка од Strengths, Weaknesses, Opportunities, Threats и како метод се користи да се увидат силните и слабите страни на институцијата, можностите кои ѝ се на дофат како и заканите со кои може да се соочи.

| Силни страни | Слаби страни |
|---|---|
| • Тимска работа и добра комуникација и соработка помеѓу организационите единици | • Недоволен број на вработени во министерството (недоволна екипираност) |


ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 320 0999 www.mdt.gov.mk

| | |
|---|---|
| • Навремено, ефикасно и ефективно извршување на работните задачи<br>• Јасно поставени цели во Одделението за човечки ресурси<br>• Навремена техничка поддршка на сите организациони единици во министерството од Секторот за поддршка и развој на информатичко општество<br>• Управување и координирање на дигиталните алатки што ги нуди министерството<br>• Добра соработка со институции од јавен и приватен сектор<br>• Воспоставена заедничка база на податоци и ресурси во Секторот за финансии<br>• Дефинирани и стандардизирани процедури за работа (ИСО стандарди) во Секторот за финансии | • Слаба мотивираност кај вработените, големо незадоволство (ниски плати, ограничени можности за професионален развој, отсуство на програми за здравјето и нивната благосостојба, неможност за примена на модерни УЧР практики)<br>• Несоодветно канцелариско распоредување на вработените, несоодветни и недоволни технички услови (просторен капацитет)<br>• Нема организациона култура<br>• Делумна организациска меморија<br>• Недоволно обучени вработени во министерството кои немаат можност за стручно и професионално усовршување<br>• Недоволен трансфер на знаење помеѓу вработените<br>• Отсуство на инспекторат/инспекциска служба во областа на ИКТ<br>• Непостоење на стандарди за сајбербезбедност |



Министерство за
дигитална трансформација
на Република Северна Македонија

ул. „Филип Втори Македонски“ бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

| | |
|---|---|
| • Постојано следење на политиките на ЕУ и Советот на Европа од Одделението за аудиовизуелни политики<br>• Информирање на јавноста за активности на министерството што се придобивка и корист за граѓаните преку различни медиуми | |
| **Можности** | **Закани** |
| • Вработување на нови и професионално ориентирани кадри, преку јавни, интерни огласи или преземање од други институции<br>• Специјализирани обуки и менторство за вработените<br>• размена на искуства со другите земји за развој на информатичко општество (студиски посети, семинари или експерти)<br>• Користење на механизмите на RESPA и TAIEX<br>• Имплементација на нови IT алатки за подобрување и олеснување на работењето | • Одлив на стручен и професионален човечки капитал од министерството во приватен сектор. Платите се многу повисоки и попримамливи посебно за IT лицата но и за другите струки<br>• Често менување на раководството на институцијата, со што се менува целиот процес на функционирање и води до непримена на стратешките документи<br>• Несоодветен, нецелосен и ненавремен проток на информации по хиерархиска вертикала во двете насоки<br>• Недоволен одзив на донатори |



Министерство за
дигитална трансформација
на Република Северна Македонија

ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

| | |
|---|---|
| • Воспоставување соработка со стручни научно истражувачки високо образовни институции од земјата и во странство<br>• Зголемување на општествената свест за потребата за дигитализација на услугите и процесите<br>• Интензивирање на соработката со регионалните центри за обука за управување со јавни финансии (ЦЕФ)<br>• Обезбедување на средства од донаторска заедница<br>• Креирање на систем за следење и професионалниот развој на вработените и механизам за зголемување на мотивацијата кај вработените (личен развој)<br>• Усогласување со правото на Европската унија во областите за кои е надлежно министерството (комуникации, безбедност на мрежи и информациски системи, аудиовизуелни политики) | • Недоволна институционална соработка за спроведување на проекти кои се однесуваат на работењето на целиот јавен сектор |


Министерство за
дигитална трансформација
на Република Северна Македонија

ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

| | |
|---|---|
| • Поголемо учество на домашни и меѓународни настани и конференции | |

*Табела 2: SWOT анализа на Министерството за дигитална трансформација*

**Оценка на постигнатите резултати од спроведувањето на програмите, потпрограмите и активностите за 2024 година**

Постигнатите резултати од спроведувањето на програмите, потпрограмите и активностите за 2024 година се дадени во Извештајот за реализација на Годишниот план за работа на МДТ за 2024 година, како и Полугодишниот извештај за реализација на Годишниот план на МДТ за 2025 година. Овие извештаи ги содржат и активностите кои се во надлежност на Министерството за дигитална трансформација и истите може да се најдат на следниве линкови: https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/planovi-i-izvestai-file-Dmkn.pdf и https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/planovi-i-izvestai-file-Ia5r.pdf .

**Визија**

Безбедно и инклузивно дигитално општество каде сите имаат еднаков пристап до технолошките иновации и придобивки, поддржано од одговорен, отворен и дигитален јавен сектор.

Просперитетна држава во која одржливата дигитална трансформација го подобрува животот на граѓаните, ги поттикнува напорите за борба против корупцијата, привлекува странски инвестиции и ги овозможува иновациите.

**Мисија**

Носители сме на дигиталната трансформација на администрацијата и развојот на информатичкото општество, насочени кон обезбедување лесно достапни, брзи и квалитетни услуги за граѓаните и бизнис заедницата, а преку иновативни политики, стратешки инвестиции и партнерства, промовирајќи дигитални алатки и знаења за граѓаните, компаниите и институциите ќе придонесеме за технолошко напредно, инклузивно општество ослободено од корупција.


Министерство за
дигитална трансформација
на Република Северна Македонија

ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

## Задачи и обврски на органот на државна управа

Задачите и обврските на Министерството за дигитална трансформација, кои се утврдени согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/24) се:

- ✓ развој и промоција на информатичкото општество;
- ✓ технолошки развој и технолошка култура;
- ✓ подготовка на стратешки документи од областа на дигитализацијата;
- ✓ организирање и спроведување на обуки за дигитални вештини;
- ✓ безбедност на мрежи и информациски системи;
- ✓ дигитализација на јавните услуги;
- ✓ администрирање со интегрирана база на лични податоци на населението на Републиката и соодветните книги за евиденција;
- ✓ креирање и водење на регистар на информациони и комуникациски системи и информатичка опрема во рамките на органите на државната управа;
- ✓ интегрирана информатичка и комуникациска мрежа, базите на податоци, меѓусебно поврзување и размена на информации, безбедносните аспекти и развојот на инфраструктурата на државните органи, правните и другите лица на кои со закон им е доверено да вршат јавни овластувања;
- ✓ следење на состојбите со информациските и телекомуникациските технологии и воведување на меѓународните стандарди;


Министерство за
дигитална трансформација
на Република Северна Македонија

ул. „Филип Втори Македонски“ бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

- ✓ телекомуникации и телекомуникациска инфраструктура;
- ✓ радиодифузија и радиодифузна инфраструктура;
- ✓ остварувањето на меѓународна соработка по прашања од негова надлежност;
- ✓ надзор од негова надлежност и
- ✓ врши и други работи утврдени со закон.

Со Законот за централен регистар на население („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19, 275/19 и 3/25), Министерството за дигитална трансформација е надлежно за:

- ✓ одржување на системот за Централен регистар на население;
- ✓ одржување на регистарот на корисниците на податоците содржани во Централниот регистар на население;
- ✓ давање услуги за граѓаните за проверка на содржани лични податоци во Централниот регистар на население и преглед на логови за спроведен пристап до лични податоци од страна на корисниците на податоците содржани во Централниот регистар на население.

## Специфичност на органот на државна управа

Министерството за дигитална трансформација ги креира политиките за развој на информатичкото општество, дигитализацијата и сајбер безбедноста преку употреба на најмодерни технологии во подобрување, оптимизација и автоматизација на процесите во јавната администрација.

## Структура на органот на државна управа

Органограмот е изработен во согласност со Правилникот за внатрешна организација на Министерство за дигитална трансформација (стр. 16).

Република Северна Македонија

Министерство за дигитална трансформација

# ОРГАНОГРАМ НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА






Министерство за
дигитална трансформација
на Република Северна Македонија

ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

**Односи со органите во состав (планирани промени)**

Во согласност со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 121/24), Министерството за дигитална трансформација е надлежно за администрирање на соодветните книги за евиденција, со што се предвидува дека Управата за матични книги е орган во состав на Министерството за дигитална трансформација со својство на правно лице.

МАР нет е јавна установа која врши дејност од јавен интерес. Основана е со Законот за основање на Македонска академска истражувачка мрежа – МАР нет („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/2010, 47/2011, 41/2014, 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.218/24). Мисијата на МАР нет е обезбедување услуги на национално ниво и меѓународно поврзување на Македонската академска истражувачка и образовна заедница и поддршка на нивните истражувачки и образовни активности; промовирање и дисеминирање на употребата на информациските и комуникациските технологии, посебно во академскиот и истражувачкиот сектор; одржување и управување со националниот ДНС, меѓународно претставување и членство; водење политика и развој на националната академска мрежа.

**Приоритети и цели на Министерството за дигитална трансформација за периодот 2026 - 2028 година**

За реализација на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за периодот 2024 - 2028 година, Министерството за дигитална трансформација ги утврди следниве приоритети и цели:

1. **Приоритет бр. 1: Дигитализирана јавна администрација и испорака на електронски услуги**

   Овој приоритет ќе се остварува преку следниве цели:

- Воспоставување на дигитална средина за подобро работење на администрацијата
- Примена на платформата за интероперабилност за размена на документи и податоци
- Зголемен квалитет и достапност на услугите, како и каналите за нивна испорака

2. **Приоритет бр. 2: Дигитална поврзливост и ИКТ инфраструктура (обезбедување гигабитно поврзување и пристап до интернет за граѓаните и јавните институции, развој на Владина ИКТ инфраструктура и развој на Национална образовна ИКТ инфраструктура)**

   Овој приоритет ќе се остварува преку следниве цели:
   - Обезбедување гига битно поврзување и пристап до интернет за граѓаните и јавните институции,
   - Развој на безбедна Владина ИКТ мрежа и инфраструктура која вклучува Владин примарен податочен центар
   - Развој на Национална образовна и истражувачка ИКТ инфраструктура

3. **Приоритет бр.3: Соработка и воспоставување заеднички стандарди за сајбер-безбедност**

   Овој приоритет ќе се остварува преку следниве цели:
   - Воспоставување на ефикасен владин тим за одговор на компјутерски инциденти
   - Безбедност и отпорност на суштински и важни субјекти, мрежи и информациски и комуникациски системи
   - Општество отпорно на сајбер закани
   - Минимизирање на влијанието на инцидентите во сајбер просторот
   - Национална и меѓународна соработка.

4. **Приоритет бр.4: Силни дигитални вештини и дигитална писменост на административните службеници**

   Овој приоритет ќе се остварува преку следниве цели:
   - Воспоставување на национална рамка за дигитални вештини
   - Воспоставување на платформа за дигитални вештини
   - Изработка на пакети за обуки за дигитални вештини
   - Сертифицирани обуки за административни службеници


Министерство за
дигитална трансформација
на Република Северна Македонија

ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

## ОСВРТ НА ОСТВАРЕНИ РЕЗУЛТАТИ ВО ТЕКОВНАТА 2025 ГОДИНА

### 1.13.2.Информатичко општество

→ *Отворени податоци*

Во рамки на редовните активности за отворени податоци континуирано се работи на поддршка на институциите со техничките аспекти и начинот на функционирање на Порталот за отворени податоци. Ќе се реанимираат институциите за да почнат повторно да објавуваат податоци, а се планира и поврзување на порталот за отворени податоци со платформата за Интероперабилност за повлекување и публикување соодветни информации по автоматизам. Министерството го објави на ЕНЕР Законот за отворени податоци и повторна употреба на податоците од јавниот сектор и организираше јавна расправа по истиот.

→ *Интероперабилност*

Во овој извештаен период продолжуваат континуирано активностите за одржување на платформата за интероперабилност, а во тек е приклучување на неколку нови институции. Направена е надградба на платформата за интероперабилност со нова функционалност Јазол комуникациски клиент, со која ќе се овозможи зад еден комуникациски клиент да се поврзат повеќе еднородни институции, а со што ќе се намалат фискалните импликации за институциите кои имаат мал обем на податоци и документи за размена. Исто така, направена е надградба за функционирање на платформата без компонентата за BizTalk со што дополнително се намалени финансиските импликации и брзината на трансакциите е зголемена за 3 пати. Тековните трансакции се одвиваат редовно и без прекин, а зголемен е бројот на трансакции преку платформата во 2025 година.

→ *Национален портал за е-услуги (Порталот)*

Одржувањето на Националниот портал за е-услуги продолжува во континуитет. Процесот на развој на нови е-услуги и за граѓаните и за компаниите продолжува во рамки на редовното одржување. Во моментов достапни се 309 електронски услуги на порталот, од кои 184 се услуги за кои директно се аплицира на порталот, а другите пренасочуваат до интерен систем на институцијата за аплицирање. Се изработува софтверот за дигитализација на регистри eSIR, со кој институциите ќе имаат можност да ги дигитализираат своите регистри и да се приклучат на платформата за интероперабилност. Во рамки на овој софтвер, во фаза на изработка е и Регистарот на регистри, кој ќе содржи податоци за сите регистри што ги поседуваат институциите, независно дали се дигитализирани или не, а исто така се подготвува и Регистарот на авторизации.

→ *Центри за услуги „Една Точка за услуги“*

Една од најважните приоритетни цели на Владата е континуираното градење на квалитетен сервисен систем на јавни услуги со ефикасна јавна администрација, а се со цел граѓаните да добијат подобри, поевтини и поефикасни услуги. Министерството за дигитална трансформација има отворено 13 (тринаесет) Центри за услуги „ Една Точка за Услуги “ и тоа во: Скопје, Куманово, Охрид, Битола, Тетово, Општина Аеродром, Општина Јегуновце, Штип, Кавадарци, Виница, Свети Николе, Неготино и Делчево.

Во текот на 2024 година Министерството за дигитална трансформација отвори две нови канцеларии – Центри за услуги „Една Точка за Услуги“ и тоа во Општина Јегуновце и Општина Аеродром, а во текот на 2025 година Министерството ги отвори канцелариите Центар за услуги „Една Точка за Услуги“ во Штип, Кавадарци, Свети Николе, Неготино и Делчево за што ги искористи постоечките ресурси со кои располагаше.


Министерство за
дигитална трансформација
на Република Северна Македонија

ул. „Филип Втори Македонски“ бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

→ *Централен регистар на население*

Во 2023 година течеше реализацијата на проектот за воспоставување на нова хардверска инфраструктура во примарен податочен центар. Беше направена и координација со Генерален секретаријат со цел да се обезбедат последните алатки кои ќе гарантираат висока безбедност на податоците и стабилен систем кој е достапен 24/7.

Од Јули 2025 година се потпиша договор за одржување на системот. Во тој договор е предвидено продолжување на лиценците за развојната околина.

Во текот на месец ноември е склучен Договор за продолжување на лиценците за мрежна заштита, со што продолжува и процесот за имплементација на новата хардверска платформа на која е хостиран Регистарот на население.

Дополнително во текот на 2023 година се започнаа активности за подобрување на политика за пристапност и матрикс за управување со лозинки, како контролен и ограничувачки механизам во процесот на администрирање на платформата.

Во текот на 2024 година следниве институции добија овластен пристап или дополнување на сетот на дозволени податоци од Централен регистар на население: А1 МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, Агенцијата за супервизија на капитално, финансиско и пензиско осигурување и Управа за финансиско разузнавање, а дополнително МТЕЛ, Агенција за катастар на недвижности и Министерство за внатрешни работи се интегрирани со Регистарот.

→ *Електронска идентификација и доверливи услуги*

Во јуни 2025 година се донесе Закон за изменување и дополнување на законот за електронските документи, електронската идентификација и доверливи улсуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 135/25) што претставува транспозиција на еИДАС Регулативата 1183/2024. Овој закон има за цел унапредување на постојната регулатива преку воведување современи механизми за електронска идентификација, употреба на квалификувани доверливи услуги и обезбедување на нивната безбедност, како и усогласување со новите европски стандарди за дигитален идентитет. Со него се уредуваат основите за воведување на Дигитален паричник за електронски идентитет, кој

овозможува сигурна, унифицирана и прекугранична е-идентификација и автентикација; се воспоставуваат нови квалификувани доверливи услуги како што се електронска потврда на атрибути, електронски записници и услуги за управување со електронски потпис и печат од далечина; се дефинираат условите за сертификација, валидација и безбедност на доверливите услуги, дигиталните паричници и средствата за е-идентификација; се утврдуваат обврски за пристапност на услугите за лица со попреченост и други групи со ограничен пристап до технологии; се воспоставува регистар на засегнати страни кои користат дигитален паричник во електронски услуги; и се регулираат механизмите за надзор, одговорност, извештаи и управување со безбедносни инциденти.

→ *Поддршка на развојот и примена на вештачка интелегенција*

ВИ како клучна алатка за иновации во стартап и технолошкиот сектор, се предвидува координиран пакет на мерки што ја вклучуваат изработка на стратегија и правна рамка за етичка и безбедна примена на ВИ, поттикнување на стартапи и ИКТ компании преку обуки, менторски програми и јавни повици за финансиска поддршка, како и воспоставување на истражувачко-развоен ВИ центар и национален етички кодекс.

→ *Систем за управување со документи (ДМС)*

Со Законот за архивски материјал и архивска дејност („ Сл. Весник на Република Северна Македонија“ бр.135/25) се воспоставува Системот за електронско управување со документи (Document Management System - ДМС) е унифицирана, безбедна и модерна дигитална алатка што овозможува целосно електронско управување со документи, предмети и административни процедури во рамки на државната управа. Администриран од страна на Министерството за дигитална трансформација, овој систем е клучна компонента на платформата „е-Влада“ и претставува основа за изградба на ефикасна, транспарентна и функционална јавна администрација.

Со ДМС, сите документи кои се создаваат, примаат или испраќаат во институциите се заведуваат, евидентираат, обработуваат и архивираат во електронска форма. Преку интегриран пристап, системот овозможува следење на секоја


Министерство за
дигитална трансформација
на Република Северна Македонија

ул. „Филип Втори Македонски“ бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

фаза од животниот циклус на документот – од неговото создавање, преку внатрешна циркулација и обработка, до неговото архивирање или уништување согласно законската регулатива.

Системот е наменет да ги замени традиционалните хартиени процедури и архива со целосно електронски протокол и дигитална архива, што значително го намалува времето за обработка, трошоците за печатење и складирање, како и ризикот од човечки грешки или загуба на документи.

ДМС е веб-базиран систем кој овозможува пристап преку интернет од било кое место и уред, со соодветно ниво на безбедност и автентикација. Сите институции се приклучуваат на централен систем поставен во Министерството за дигитална трансформација, обезбедувајќи сигурна и координирана работа меѓу државните органи.

Системот се прилагодува за работа со квалификувани дигитални сертификати, што овозможува електронски потпис и правна важност на документите според законските одредби. Со ова, се обезбедува доверливост, интегритет и непроменливост на податоците

На 01.07.2025 година во Министерството е склучен Договор за одржување на систем за управување со документи.

→ *Воспоставување безбедна Платформа во облак на Владата на РСМ и поврзување на субјектите на Владата на Република Северна Македонија преку владина оптичка мрежа (државен Cloud)*

Оваа активност се реализира и се предвидува надградба на системот во 2026 година..

→ *Одржување на web страни за период од 3 години со вклучено Security Managed Services и буџет за дополнителни органи / институции*

Изработка на веб страници за министерствата, државните органи и општините

→ *Надградба и проширување на инфраструктура и софтверски лиценци за период од 3 години за централно решение за Backup на системите во Министерството за дигитална трансформација*

Договорот и активностите се во тек.

→ *Надградба и имплементација на решенија за поддршка на Open Balkan*

Имплементација на ИКТ решение за поддршка на иницијативата Open Balkan, со кое се овозможува граѓаните од државите потписнички на иницијативата (Албанија, Србија) да можат непречено да користат електронски идентитет од сопствените држави (OpenBalcanID) при најавување на порталите за електронски услуги во соседните држави како Република Албанија и Република Србија, е завршена и следува периодот на тестирање на истата. Услугата која ќе биде овозможена е Слободен пристап до регистарот на пазарот на труд, во секоја земја соодветно.

Со Open Balkan иницијативата се предвидуваат дополнителни услуги за граѓаните, кои трилатерално ќе се договараат помеѓу трите земји потписнички.

→ *Програма Дигитална Европа*

Програмата Дигитална Европа е програма за финансирање на ЕУ фокусирана на доближување на дигиталната технологија до бизнисите, граѓаните и јавната администрација. Дигиталната технологија и инфраструктурата имаат клучна улога во нашите приватни животи и деловни средини. Ние се потпираме на нив за комуникација, работа, унапредување на науката и одговор на актуелните еколошки проблеми. Програмата за дигитална Европа ќе обезбеди стратешко финансирање, поддржувајќи проекти во пет клучни области: суперкомпјутери, вештачка интелигенција, сајбер безбедност, напредни дигитални вештини и обезбедување широка употреба на дигитални технологии во економијата и целото општеството. Со планиран вкупен буџет од 7,5 милијарди евра (за сите земји) програмата има за цел да го забрза економското закрепнување и да ја обликува дигиталната трансформација на општеството и економијата, носејќи придобивки за сите, но особено за малите и средни претпријатија. Програмата Дигитална Европа е дел од повеќегодишната финансиска рамка 2021-2027 година.


ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

Согласно Записникот од Сто четириесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 април 2023 година, Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Меѓународната спогодба помеѓу Европската Унија и Северна Македонија за учеството на Северна Македонија во програмата на Унијата – Програма Дигитална Европа за периодот 2021-2027 година, со усогласен текст на Спогодба. Притоа, Владата го прифати усогласениот изменет текст на Спогодбата помеѓу Европската Унија од една страна и Северна Македонија од друга страна, за учеството на Северна Македонија во Програмата на Унијата – Дигитална Европа (2021- 2027 година) и го овласти министерот за информатичко општество и администрација да ја потпише истата. За учество во програмата Дигитална Европа, Република Северна Македонија се обврза да секоја година плаќа членарина во приближна вредност од 200,000.00 евра која е уредно платена во 2024 и 2025 година.

На 30 јуни 2023 година, Европската Комисија потпиша договори за асоцијација за Програмата за Дигитална Европа со Северна Македонија, Црна Гора, Албанија и Србија.

→ *MKSafeNet проект*

Проектот MKSafeNet / Центар за побезбеден интернет се однесува на целите од повикот на програмата за Дигитална Европа од Европската извршна агенција за здравје и дигитализација (HaDEA) при Европската комисија.
Министерството за дигитална трансформација партиципира како полноправен член во оваа програма со издвојување на финансиски средства за годишна чланарина со цел искористување на можностите кои ги нуди таа за дигитализација на општеството. Конкретно преку овој проект MKSafeNet/Центар за побезбеден интернет фокусот е ставен на негово воспоставување како Национален центар за побезбеден интернет во Македонија затоа што моментално нема воспоставен национален центар за побезбеден интернет (Safer Iinternet Center). Препознавајќи ја оваа празнина, нашиот проект е посветен на поставување на основната инфраструктура потребна за воведување на сеопфатен Центар за

побезбеден Интернет (SIC) вмрежен со Европските центри за побезбеден интернет. Преку заеднички напори, имаме за цел да ги подобриме постојните иницијативи од јавниот и приватниот сектор. Нашата цел е да ги подобриме понудените услуги, да го направиме лесен пристапот до содржини соодветни за возраста и да ја зголемиме свеста. Ова ќе им овозможи на поединците брзо да ги препознаваат онлајн ризиците и да ги разберат начините за пријавување. Мисијата на MKSafeNet е беспрекорно усогласена со приоритетите на повикот наведени во Целите. Во центарот на оваа иницијатива е желбата да се зајакнат националните капацитети во давање на насоки и поддршка.

Нашата целна група се деца, млади, родители, наставници, старатели и други витални засегнати страни. Основната цел на проектот е да обезбеди побезбедно дигитално искуство за децата, овозможувајќи алатки и знаење за одговорно управување со дигиталните технологии и услуги. Дополнително, ние сме посветени на обезбедување робусни механизми за поддршка на жртвите на сајбер малтретирање, деца со посебни или специфични потреби, вклучувајќи ги и оние од неповолни или ранливи средини.

Министерството за дигитална трансформација има за цел овој центар да продолжи да функционира како системско тело во рамките на самото министерство со долгорочна одржливост и по завршување на проектот.

→ *Развој на СуперАпп во рамки на Digital Europe Programme (DEP)*

Министерството за дигитална трансформација во партнерство со повеќе меѓународни партнери започна со подготовка на апликација за проект кој би бил кофинансиран со средства од програмата Дигитална Европа. Проектот предвидува развој на апликација која ќе ги содржи основните документи на граѓаните, а воедно ќе биде и поврзана со националниот портал за електронски услуги, а ќе се развијат и дополнителни 2 услуги. Апликацијата помина позитивно на евалуација.

→ *Национален оперативен бродбенд план на Република Северна Македонија (НОБП) и активности кои произлегуваат и се поврзани со него*

Националната канцеларија за брод бенд компетентност (НКБК) во периодот јануари-септември 2024 година одржа вкупно 10 седници, на кои се усвоени следните документи, мислења, препораки и извештаи:

Деветтиот извештај за развој на брод бендот во државата (согласно DESI) и спроведување на НОБП, што се однесува на периодот октомври 2023 - март 2024 година;

Десеттиот извештај за развој на брод бендот во државата (согласно DESI) и спроведување на НОБП, што се однесува на периодот април 2024 - септември 2024 година;

Во јануари 2024 година членови на НКБК активно учествуваа во подготовка на предлог Законот за електронските комуникации, што беше поставен на системот ener, а во февруари-март 2024 година на анализа на добиените коментари од јавноста по предлогот и подготовка на одговор на секој од пристигнатите коментари;

Подготовка на одговори по однос на добиени прашања од страна на консултантите од конзорциумот COWI во врска со подготовката на Студијата за изводливост за развој на Национална транспортна оптичка мрежа (НОТМ) и координација во врска со обезбедување на податоците за изградена инфраструктура што се потребни за изработка на истата;

Подготовка на предлог-мислење за Министерството за европски прашања (МЕП) во врска со иницијативата на Европската Комисија во рамките на Планот за раст за Западен Балкан да се поставaт бесплатни безжични (WiFi) интернет точки на јавни површини;

Подготовка на одговори за Министерството за дигитална трансформација/Владата на РСМ на пристигнати коментари од државните институции за Реформската агенда и раст на Западен Балкан

Сите извештаи и записници од одржаните седници на НКБК се достапни на нашата веб страницата https://bco.mdt.gov.mk/

Земајќи предвид дека на пет од членовите мандатот им истекуваше на 17 октомври, Министерството распиша огласи за назначување на нови членови, при што работата на НКБК продолжи од декември 2024 година.

Дополнителни активности на НКБК во втората половина од 2024 година

На седниците одржани во периодот јули–декември 2024 година, НКБК започна процес на ревизија на Националниот оперативен бродбенд план (НОБП), со осврт на националните таргети и мерки за нивно прилагодување кон европските



Министерство за
дигитална трансформација
на Република Северна Македонија

ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

политики од „Дигиталната декада". Членовите одлучија да се предложи формирање работна група со сите релевантни институции и чинители за подготовка на ревидиран НОБП;
НКБК започна подготовката на единаесетиот извештај за развој на бродбендот. Извештајот беше проширен со анализа за исполнетоста на таргетите и најново мапирање на државата во поглед на покриеноста со фиксни бродбенд мрежи;
НКБК се вклучи во работната група за изработка на ИКТ стратегијата, а истовремено е донесена одлука да се следи имплементацијата на националната сајбер стратегија и да се побара официјално вклучување на МАРНЕТ во работата на НКБК;
На седница беше разгледано и „Executive summary on the state of ultrafast broadband infrastructure, coverage and take-up", со дадени мислења и коментари од членовите за натамошна стручна поддршка.

→ *Центар за спроведување тестирања*

Во рамки на Министерството за дигитална трансформација е формиран Центарот за спроведување тестирања во кои се воспоставени услови за целосно функционално електронско тестирање. Во извештајниот период успешно се реализираат пробни и официјални тестирања согласно договорите со релевантните институции, без појава на технички пречки, со што се потврдува стабилноста и сигурноста на системот.

Центарот е дополнително унапреден со можност за организирање обуки, со цел целосна искористеност на капацитетите и обезбедување на поголема поддршка на институциите во нивните тековни и идни активности. Со овие мерки значително се зголемуваат ефикасноста, сигурноста и флексибилноста на системот.

Центарот претставува стратешки ресурс на Министерството, со суштинска улога во процесите на модернизација, дигитализација и унапредување на стандардите за електронско тестирање и обука.


Министерство за
дигитална трансформација
на Република Северна Македонија

ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

→ *Систем „Е-инспектор“*

Како централен електронски систем за дигитализација и автоматизација на инспекциските надзори системот овозможува електронска размена на податоци, автоматизирано планирање на надзори врз основа на ризик, електронска распределба на предмети и генерирање на записници и решенија. Со тоа се намалува субјективното влијание на инспекторите, се елиминираат административни процедури и се скратува времето за надзор, што придонесува за зголемена ефикасност, подобра контрола и доверба во институциите.

→ ***Јакнење на улогата на јавниот радиодифузен сервис (МРТ) и градење професионални капацитети на медиумскиот регулатор***

Во првата половина на 2024 година, административните работи во Македонската радиотелевизија беа вршени со намален интензитет поради ограничувањата во Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата. Во овој период донесен е Правилникот за авторски, изведувачки и сродни права и надоместоци, со кој се регулираат авторските и сродните права во Македонската радиотелевизија. Во 2024 година, во јавниот радиодифузен сервис се вработени 639 лица, од кои 71 административни службеници, 532 даватели на јавни услуги и 36 помошно-технички лица. МРТ е дел на твининг проектот за Зајакнување на капацитетите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Јавниот радиодифузен сервис финансиран од Европската унија, како и дел од проектот за Поддршка на медиумите од западен Балкан финансиран од ЕУ, а под организација на Гете институтот и Дојче Веле Академија.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го промовираше Истражувањето на медиумската писменост кај учениците во прва и втора година средно образование на Вториот јавен состанок, одржан на 27 јуни 2024


Министерство за дигитална трансформација на Република Северна Македонија

ул. „Филип Втори Македонски“ бр.11, Скопје Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

година. По усогласувањето на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со ревидираната Директива за аудиовизуелни медиумски услуги во јули 2023 година, во Агенцијата, континуирано течат активностите за изработка/измена и дополнување на подзаконските акти и за јакнење на капацитетите на стручната служба на Агенцијата. Во тек се и јавни расправи по нацрт текстовите на повеќе акти на Агенцијата чија измена или донесување е потребна за операционализација на изменетиот Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Станува збор за Нацрт-правилникот за измена и дополнување на Правилникот за спонзорство, Нацрт-правилник за измена и дополнување на Правилникот за заштита на малолетните лица, Нацрт-водич за мониторинг на говорот на омраза – второ дополнето и изменето издание, Нацрт – Правилник за физичките лица даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, и Нацрт – Правилник за изменување и дополнување на „Правилникот за емитување европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти“. Агенцијата започна подготовки за развивање нови софтверски решенија за потребите на мониторингот, вклучувајќи ги и новите надлежности и подготовки за анализа на организациската структура имајќи ги во вид последните легислативни промени.

На 23 мај 2025 година, објавен е Јавен конкурс за избор на членови на Надзорниот одбор на Македонската радиотелевизија. Одлуката за именување на членови на Програмскиот совет на Македонската радиотелевизија, беше донесена од законодавниот дом на 24 јуни.

Членовите на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, беа именувани од страна на Собранието на Република Северна Македонија на 24 јуни 2025 година, а на 3 јули одржаа конститутивна седница. На седницата, согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Деловникот за работа на Агенцијата беа избрани претседател и заменик претседател.

Министерството за дигитална трансформација ги исплати финансиските средства во 2024 кои се должеа до ЈП МРТВ и ААВМУ заради прекинување на лоша практика за ненавремено и неправилно финансирање на овие институции.


Министерство за
дигитална трансформација
на Република Северна Македонија

ул. „Филип Втори Македонски“ бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

→ *Закон за електронски комуникации („ Сл. Весник на Република Северна Македонија" бр.135/25 и 269/25)*

Со овој закон се уредуваат условите и начинот за обезбедување на јавни електронски комуникациски мрежи и јавни електронски комуникациски услуги во Република Македонија.

Целта на овој закон е да обезбеди: поттикнување на развојот на јавните електронски комуникациски мрежи и услуги во Република Македонија, со цел да се обезбеди економски и социјален развој, поттикнување на користењето и развојот на широкопојасен пристап до услуги (broadband), заштита на правата на корисниците, вклучувајќи ги крајните корисници со инвалидитет и крајните корисници со посебни социјални потреби, обезбедување на ефикасна и одржлива конкуренција на пазарот за електронски комуникации, обезбедување на универзална услуга, ефикасно користење на радиофреквенцискиот спектар и нумерацијата, унапредување на развојот и поттикнување на инвестиции во јавните електронски комуникациски мрежи со воведување на нови технологии и услуги, а особено со воведување на следни генерации на јавни електронски комуникациски мрежи и- обезбедување на доверливост на комуникациите.

→ *Закон за изменување и дополнување на законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги („ Сл. Весник на Република Северна Македонија" бр.135/25)*

Законот за изменување и дополнување на законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги е усогласен со Регулативата (ЕУ) 2024/1183 на ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ И НА СОВЕТОТ ОД 11 АПРИЛ 2024 година за изменување на Реулативата (ЕУ) бр. 2014/910 во однос на воспоставување на европска рамка за дигитален идентитет, позната како eIDAS 2.0.


Министерство за
дигитална трансформација
на Република Северна Македонија

ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

Овој закон има за цел унапредување на постојната регулатива преку воведување на современи механизми за електронска идентификација, употреба на квалификувани доверливи услуги и нивна безбедност, како и усогласување со новите европски стандарди за дигитален идентитет.

Со овој закон се уредуваат:

- основите за воведување на **дигитален паричник за електронски идентитет**, кој ќе овозможи сигурна, унифицирана и прекугранична е-идентификација и автентикација;
- **нови квалификувани доверливи услуги**: електронска потврда на атрибути, електронски записници и услуги за управување со електронски потпис и печат од далечина;
- **условите за сертификација, валидација и безбедност** на доверливите услуги, дигиталните паричници и средствата за е-идентификација;
- обврските за **пристапност на услуги за лица со попреченост** и други групи со ограничен пристап до технологии;
- **регистарот на засегнати страни** кои користат дигитален паричник во електронски услуги;
- механизмите за надзор, одговорност, извештаи и управување со безбедносни инциденти.

Законот предвидува воспоставување на јасна правна рамка која овозможува целосна контрола на корисникот врз сопствените податоци, поголема доверба во електронските услуги и заштита на личните податоци, преку употреба на високи безбедносни стандарди и соработка со домашни и меѓународни институции.

Со неговото донесување, Македонија прави значаен чекор кон дигитална трансформација, правна сигурност и интеграција во Единствениот европски дигитален пазар.


Министерство за
дигитална трансформација
на Република Северна Македонија

ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

→ *Е – паричник ( Е – wallet)*

Министерството се вклучи и во конзорциум каде со поддршка од програмата Дигитална Европа работиме на пилот-решение за дигитален паричник за граѓаните со електронски верзии на два лични документи и пристап до најмалку 2 е-услуги, а во понатамошна фаза имаме јасна насока за исполнување на обврските кои произлегуваат од Реформската Агенда кој се однесуваат на чекорот за воспоставување на Паричник за дигитален идентитет кој ќе ги исполнува техничките и безбедносните барања на еИДАС.

→ *Закон за безбедност на мрежи и информациски системи („ Сл. Весник на Република Северна Македонија" бр.135/25)*

Со овој закон се уредува безбедноста на мрежните и информациските системи, надлежните органи за безбедност на мрежните и информациските системи и управување со значајни сајбер безбедносни инциденти и сајбер безбедносни инциденти со голем опфат, единствената точка за контакт за сајбер безбедност, тимовите за одговор на компјутерски инциденти , мерките за безбедност на мрежни и информациски системи и за управување со ризикот за сајбер безбедност, обврските за известување за сите аспекти на безбедност на мрежни и информациски системи за правните лица кои обезбедуваат услуги во областите со висока критичност и другите критични области, правилата и обврските за известување и размена на информации за инциденти, обврската за усвојување на стратегија која ја опфаќа безбедноста на мрежните и информациските системи, надзорот над спроведувањето на одредбите од овој закон, како и други прашања поврзани со безбедност на мрежни и информациски системи.

Цели на овој закон се изградба на капацитети за безбедност на мрежни и информациски системи во државата, намалување на заканите за мрежните и информациските системи што се користат за обезбедување основни услуги во областите со висока критичност и другите критични области и обезбедување на континуитет на таквите услуги во случај на инциденти, со што се


Министерство за
дигитална трансформација
на Република Северна Македонија

ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

придонесува кон безбедноста на Република Северна Македонија и ефективно функционирање на нејзината економија и општество.

Со овој закон се врши усогласување со ДИРЕКТИВА (ЕУ) 2022/2555 НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ И НА СОВЕТОТ од 14 декември 2022 година за мерките за високо заедничко ниво на кибер безбедност низ Унијата, за изменување на Регулативата (ЕУ) бр. 910/2014 и Директивата (ЕУ) 2018/1972 и за укинување на Директивата (ЕУ) 2016/1148 (Директива NIS) со CELEX број 32022L2555.

→ *Набавка на инфраструктура и опрема за сајбер-безбедност за Владин CSIRT (GovCIRT)*

Проектот има за цел зајакнување на националната сајбер-безбедност и отпорноста на дигиталните услуги во јавниот сектор преку целосна операционализација на MKD-GOV-CSIRT/GovCIRT и воспоставување унифициран модел на безбедна ИКТ-поврзаност и базична сајбер-заштита за приоритетни јавни институции. Со проектот се предвидува набавка, инсталација, конфигурација и интеграција на клучна мрежна и безбедносна инфраструктура (периметарска заштита со фајрволи и сродна опрема, отпорно оптичко свичирање, релокација и надградба на централен јазол на владината оптичка мрежа, заштита на критични канали како е-пошта и веб-апликации, како и воспоставување DR капацитети за континуитет), придружени со интеграциско тестирање, прием и валидација на отпорност (failover/DR), пуштање во продукција и обука/пренос на знаење за релевантниот кадар. Очекувано е да се обезбеди безбедна поврзаност и стандардизирана заштита за приближно 150 институции, со можност за понатамошно проширување на опфатот согласно потребите, како и значително зајакнување на капацитетот за централизирано следење, рано откривање и координиран одговор на сајбер-инциденти, во согласност со Законот за безбедност на мрежи и информациски системи (усогласен со NIS2). Проектот е стратешки релевантен бидејќи


Министерство за
дигитална трансформација
на Република Северна Македонија

ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

директно придонесува кон целите на ЕУ „Digital Decade Policy Programme 2030“ во делот на безбедни дигитални инфраструктури и дигитализација на јавните услуги, а истовремено создава основа за подобрена интер-институционална и регионална/ЕУ координација во доменот на сајбер-безбедноста и постапувањето по инциденти. Вкупната проценета вредност на инвестицијата изнесува приближно 920.000.000 денари, а индикативната финансиска конструкција е планирана преку WBIF грант од приближно 280.000.000 денари и заем од приближно 640.000.000 денари.

→ *Закон за архивски материјал и архивска дејност („ Сл. Весник на Република Северна Македонија“ бр.135/25)*

Првиот резултат е усвојувањето на новиот Закон за архивски материјал и архивска дејност – усвоен во јуни 2025 година. Законот предвидува унифициран систем за управување со документи (ДМС) на централно ниво, со модули за складирање и електронска платформа за евиденција и архивска работа, преку кој ќе се обезбеди и поврзување со Државен архив – што практично значи целосен електронски животен циклус на документот, од прием до долгорочно чување и негово лесно пребарување. Министерството за дигитална трансформација веќе поврза на ДМС 43 институции на системот за управување со документи и започна да работи на дигитализација на одредени процеси со кои хартијата целосно ќе се отфрли од примена.

→ *Закон за за пристапност на веб-страниците и мобилните апликации на институциите од јавниот сектор („ Сл. Весник на Република Северна Македонија“ бр.193/25)*

Законот е имплементација на Директивата (ЕУ) 2016/2102 на Европскиот парламент и на Советот од 26 октомври 2016 година за пристапност на веб-страниците и мобилните апликации на органите од јавниот сектор, во националното законодавство на Република Северна Македонија.

Со овој закон се создава правна рамка со која на лицата со попреченост и на старите лица ќе им се овозможи полесен пристап до информациите и услугите кои ги даваат/нудат институциите од јавниот сектор на нивните веб-страници и мобилни апликации, а со тоа ќе се придонесе и до поголема дигитална пристапност на граѓаните, како и по инклузивно општество во државата.

→ *Национална стратегија за сајбер безбедност 2025 -2028*

Стратегијата за сајбер безбедност на Република Северна Македонија (2025–2028), заедно со Акцискиот план (2025–2027), претставува стратешки документ чија цел е обезбедување сигурна, отпорна и доверлива дигитална средина. Во услови на забрзана дигитализација и зголемени сајбер ризици, оваа стратегија има за цел да го заштити економскиот и националниот интерес преку градење на стабилен сајбер екосистем. Стратегијата се темели на пет принципи: заедничка одговорност, координација и соработка, безбедност по дизајн, процена на ризици и холистички пристап. Определени се пет приоритетни области, меѓу кои се јакнење на националните капацитети, безбедност на критични системи, отпорност на општеството на сајбер закани, управување со инциденти и национална и меѓународна соработка. Документот е изработен според меѓународни насоки (ITU, ENISA, ЕУ директиви) и вклучува придонес од повеќе институции, под раководство на Министерството за дигитална трансформација. Имплементацијата ќе се врши четири години, финансирана од државниот буџет и донатори. Јавноста беше вклучена преку јавна расправа и објавување на предлог-стратегијата на ЕНЕР. Националната стратегија за сајбер безбедност на Северна Македонија е усвоена од страна на Владата на 21 јануари 2025 година.

→ *Стратегијата „СМАРТ/МК: Дигитална Македонија 2030“*


Министерство за
дигитална трансформација
на Република Северна Македонија

ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

Дигиталната трансформација на државата е системски процес што има за цел подобрување на јавните услуги, зголемување на транспарентноста, ефикасноста, иновациите и граѓанското учество. Тоа е една од клучните стратешки приоритети на Владата и основа за борба против корупцијата и владеење на правото. Стратегијата „СМАРТ/МК: Дигитална Македонија 2030"е изработена во согласност со **Националната развојна стратегија 2024–2044** и ја следи европската визија за дигитален напредок. Таа е насочена кон создавање дигитална околина која ќе обезбеди пристапни и иновативни услуги за сите.

Стратегијата се заснова на **четири клучни столба**:

1. **ИКТ инфраструктура и поврзливост** – обезбедување брз и безбеден интернет, подготовка за 6G, дигитални мрежи за јавниот сектор.
2. **Дигитални компетенции и инклузивност** – градење дигитални вештини кај граѓаните и работната сила, развој на дигитален образовен екосистем.
3. **Е-владеење** – дигитализација на јавните услуги, подобрување на транспарентноста и достапноста на институциите.
4. **Бизниси, иновации и нови технологии** – поддршка на приватниот сектор во дигитализација, иновации, стартапи и зелени технологии.

Крајната цел е Северна Македонија да стане лидер во дигитализацијата на Западен Балкан и меѓу 20-те најразвиени дигитални економии во ЕУ, со достапни дигитални услуги 24/7 за сите. Стратегијата „СМАРТ/МК: Дигитална Македонија 2030" е усвоена од страна на Владата на 14.10.2025 година.


Министерство за
дигитална трансформација
на Република Северна Македонија

ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

## 2. Програми

Во планираниот период 2026 – 2028 година, министерството ќе ги реализира стратешките програми кои се во функција на остварување на стратешките приоритети и цели на Владата на Република Северна Македонија и приоритетите и целите на министерството. Во програмите и потпрограмите предвидени се активности кои произлегуваат од нашата мисија и со нивното реализирање се приближуваме кон исполнувањето на визијата на министерството.
Во овој нацрт стратешки план е креирана следната програма:

- ***ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АУДИОВИЗУЕЛНИ ПОЛИТИКИ***

2.1. План за спроведување на програмата <u>Информатичко општество</u>

| **План за спроведување на програма : Информатичко општество и аудиовизуелни политики** |
|---|
| **Образложение:**<br>Програмата Информатичко општество произлегува од Стратешкиот приоритет - Професионална и ефикасна јавна администрација, развој на дигиталната економија, ИКТ секторот, вештачката интелигенција, иновациите и старт ап екосистем; од Одлуката за утврдување на стратешки приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024-2028 година (Службен весник на РСМ, бр.177 од 26.08.2024 година) и |
| 1. НПАА<br>Поглавје: 3.10 Информатичко општество и медиуми<br>Подрачје 3.10.1 Електронски комуникации<br>Подрачје3.10.2.Услуги на информатичкото општество<br>Поглавје 3.25 Наука и истражување |
| • **Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа.** |

| |
|---|
| Произлегуваат од Одлуката за утврдување на стратешки приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2024 година (Службен весник на РСМ, бр. 177 од 26.8.2024 година) и Одлука за изменување на одлуката за утврдувањена стратешките приоритети на на Владата на Република Северна Македонија (Службен весник на Република Северна Македонија број 177/24) и се следниве:<br>Приоритет бр. 1: Дигитализирана јавна администрација и испорака на електронски услуги<br>Приоритет бр. 2: Дигитална поврзливост и ИКТ инфраструктура (обезбедување гига битно поврзување и пристап до интернет за граѓаните и јавните институции, развој на Владина ИКТ инфраструктура и развој на Национална образовна ИКТ инфраструктура)<br>Приоритет бр.3: Соработка и воспоставување заеднички стандарди за сајбер-безбедност<br>Приоритет бр.4: Силни дигитални вештини и дигитална писменост на административните службеници |
| **Цел на Програмата:** Развивање и подобрување на условите за пристап до информатичко–комуникациските технологии и дигитализација за брза, лесна и ефикасна употреба на ИКТ во секојдневниот живот на граѓаните и бизнис заедницата. Интензивна дигитализација на процесите и услугите, развој и промоција на информатичкото општество и дигиталните вештини. Поставување и одржување квалитетни софтверски решенија и инфраструктура во согласност со потребите на институциите и граѓаните на Република Северна Македонија. |
| **Показатели за успех на Програмата:**<br>• Подобрена транспарентност, ефективност и ефикасност во работењето на јавната администрација<br>• Зголемена безбедност на информатичките системи<br>• Развиен пазар на доверливи услуги и подобрена конкурентност<br>• Зголемен број на достапни е-услуги на uslugi.gov.mk<br>• Зголемен број на современо опремени центри за услуги за граѓаните |


Министерство за
дигитална трансформација
на Република Северна Македонија

ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

| | |
|---|---|
| • Зголемен број на отворени податоци | |
| Програмата е: Хоризонтална | |
| **Потпрограми (компоненти) од Програмата:** | |
| **Потпрограма 1:** Е-инфраструктура и поддршка | **Показател за успешност:**<br>80 иституции приклучени на платформата кои (45 активно) разменуваат електронски документи во официјална документација<br>• Зголемена безбедност на информатичките системи |

| | |
|---|---|
| **Потпрограма 2:** Е-услуги, е-граѓани и центри за услуги | **Показател за успешност:**<br>• број на подобрени и ново развиени е-услуги за граѓаните (309 електронски услуги на порталот)<br>• 249987 корисници на порталот;<br>• 303549 поднесени апликации за електронски услуги на Националниот портал за е-услуги;<br>• 4 правни лица даватели на доверливи услуги и 3 издавања на шеми на електронска идентификација запишани во Регистарот на даватели на доверливи услуги и на шеми за електронска идентификација |
| **Потпрограма 3:** Отворени податоци | **Показател за успешност:**<br>• Подобрена транспарентност во работењето на јавната администрација;<br>• Број на објавени податоци |
| **Потпрограма 4:** Аудиовизуелни политики и електронски комуникации | • Усвоени измени и дополнувања на Законот за медиуми, Законот за електронските комуникации и подготвен Предлог на Закон за измени и дополнувања на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги |


Министерство за
дигитална трансформација
на Република Северна Македонија

ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

| 2.1: План за спроведување на програмата | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Потпрограма 1: е-инфраструктура и поддршка | | | | | | | | | | |
| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
| | | | Почеток (месец/година) | Крај (месец/година) | Човечки | | | Финансиски (МКД) | | |
| | | | | | 2026 год. | 2027 год. | 2028 год. | 2026 год. | 2027 год. | 2028 год. |
| Одржување на втората сервисна магистрала од платформата за Интероперабилност | МДТ | Останати министерства и органи | Јануари 2026 година | Декември 2028 година | 5 | 5 | 7 | 5.000.000 | 13.000.000 | 15.000.000 |
| Одржување и надградба на владина оптичка мрежа | МДТ | | Јануари 2026 година | Декември 2028 година | | | | 2.000.000 | 8.000.000 | 8.300.000 |
| Развој и одржување на Веб страни на Влада и министерства | МДТ | | Јануари 2026 година | Декември 2026 година | | | | 2.000.000 | 1.000.000 | 1.000.000 |
| Студија за Владин податочен центар | МДТ | | Јануари 2026 | Декември 2026 | | | | 500.000 | | |


Министерство за дигитална трансформација на Република Северна Македонија
ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одржување на порталот е-услуги (1 и 2 дел) | | | Јануари 2026 година | Декември 2028 година | 2 | 2 | 2 | 10.500.000 | 14,000,000 | 14,500,000 |
| Промоција на порталот е-услуги | | | | | | | | 1.000.000 | 1.000.000 | 1.000.000 |
| Веб страници на општините | МДТ | | Јануари 2026 година | Декември 2028 година | | | | 1.000.000 | 1.200.000 | 1.200.000 |
| Изнајмување на облак (Cloud) платформа за хостирање на системите на МДТ | МДТ | | Јануари 2026 година | Декември 2028 година | 3 | 3 | 3 | 23.500.000 | 100.000.000 | |
| Колокација на информатичка опрема - | МДТ | | Јануари 2025 година | Декември 2026 година | 5 | 8 | 11 | 2.400.000 | 2.400.000 | 2.400.000 |
| Одржување на Централен регистар на население | МДТ | | Јануари 2026 година | Декември 2028 година | | | | 4.000.000 | 7,500,000 | 7,500,000 |
| Одржување и модернизација на системот за интегрирано планирање на ресурси (ИРП) | МДТ и СОЗР | | Јануари 2026 година | Декември 2028 година | 6 | 9 | 0 | 7.000.000 | 10,000,000 | 10,000,000 |


Министерство за дигитална трансформација на Република Северна Македонија

ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Надградба и одржување на мрежна инфраструктура | МДТ | | Јануари 2026 година | Декември 2028 година | | | | 500.000 | 600.000 | 600.000 |
| Одржување и гаранции на сервери и мрежна инфраструктура | | | Јануари 2026 година | Декември 2026 година | | | | 1.000.000 | 1.200.000 | 1.200.000 |
| Консолидација на серверска и мрежна опрема | МДТ | | Јануари 2026 година | Декември 2028 година | | | | 1,000,000 | 1,000,000 | 1,000,000 |
| Одржување на системи за дојава и гасење пожар и ПП апарати | МДТ | | Јануари 2026 година | Декември 2028 година | | | | 2.000.000 | 2.200.000 | 2.200.000 |
| Набавка на ИТ опрема | МДТ | | Јануари 2026 година | Декември 2028 година | | | | 7.833.000 | 5.000.000 | 5.000.000 |
| Надградба на опрема за CSIRT | МДТ | | Јануари 2026 година | Декември 2028 година | | | | 20.000.000 | 6.000.000 | 5.000.000 |
| Интернет услуги за потребите на МДТ | МДТ | | Јануари 2026 година | Декември 2028 година | | | | 2.500.000 | 2.500.000 | 2.500.000 |


Министерство за
дигитална трансформација
на Република Северна Македонија

ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
